ТТК БАНКА АД Скопје
ул.Народен Фронт 19а
1000 Скопје, Македонија
тел:02/32 36 400 факс: 02/32 36 444

www.ttk.com.mk
e-mail: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС:6121110ЕДБ:4030006597638
тр. с-ка:290-1000000000-46

Во согласност со Одлуката на Советот на Народна банка на Република Македонија за објавување податоци и извештаи од страна на Банката („Службен весник на РМ“ бр.134/2007), ТТК БАНКА АД Скопје објавува

# ИЗВЕШТАЈ И ПОДАТОЦИ

со состојба 31.12.2015
објавено на 13.5.2016

**Содржина**:

1. Податоци за Банката
2. Податоци за акционерската структура на Банката
3. Податоци за сопствените средства и адекватноста на капиталотна Банката
4. Податоци за процесот на управување со ризиците
   4.1. Податоци во однос на управувањето со кредитниот ризик
   4.2. Податоци за структурата на портфолиото за тргување
   4.3. Податоци во однос на управувањето со оперативниот ризик
   4.4. Податоци за капиталните вложувања на Банката

| **1. Податоци за Банката** | |
|---|---|
| **Назив** | ТТК БАНКА АД Скопје |
| **Седиште** | Скопје, ул.„Народен фронт“ бр.19а |
| **Единствен матичен број** | 6121110 |
| **Организациска структура** | Организациска структура на ТТК Банка (прилог) |
| **Број на вработени на 31.12.2015** | 281 |
| **Финансиски активности кои Банката може да ги врши во согласност со дозволата за основање и работење издадена од гувернерот на НБРМ** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);<br>• Финансиски лизинг;<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, остава и депо;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);<br>• Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;<br>• Посредување во продажба на полиси за осигурување;<br>• Посредување во склучување договори за кредити и заеми;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;<br>• Економско-финансиски консалтинг;<br>• Други финансиски активности утврдени со закон кои може да ги врши Банката.<br><br>*Дозвола за основање и работење (прилог) |
| | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства; |

| | |
|---|---|
| **Финансиски активности кои ги врши Банката** | • Кредитирање во земјата;<br>• Издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, пензиски чекови);<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, остава и депо;<br>• Тргување со девизни средства;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари;<br>• Посредување во склучување договори за кредити и заеми. |
| **Финансиски активности за кои од страна на гувернерот на НБРМ е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста** | Нема. |

| **2. Податоци за акционерската структура на Банката** | |
|---|---|
| **Назив, седиште, правна форма, претежна дејност и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционерите правни лица со квалификувано учество** | • **Тетекс АД Тетово,**<br>ул. „Браќа Миладиновци“ бр 1, Тетово<br>14.13 - Производство на друга горна облека<br>Учество во вкупниот број акции од 43,52%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 43,52%.<br><br>• **„Петролгас“ ДОО Тетово**<br>ул. „Видое Смилевски Бато“ бб,Тетово<br>68.20 -Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)<br>Учество во вкупниот број акции од 3,15%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 3,15%<br><br>• **Физички лица поврзани со Тетекс АД Тетово**<br>Учество во вкупниот број акции од 2,70%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 2,70%<br><br>• **Вкупно групација Тетекс**<br>Учество во вкупниот број акции од 49,37%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 49,37% |
| **Име и презиме, адреса и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционерите физички лица со квалификувано учество** | Нема. |
| **Вкупен број и вкупно учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционери кои немаат квалификувано учество во Банката** | Број на акционери кои немаат квалификувано учество во Банката: 1855<br><br>Процент на учество во вкупниот број акции издадени од Банката: 50,63%<br><br>Процент на учество во вкупниот број акции со право на глас издадени од Банката: 50,63% |

ТТК БАНКА АД Скопје
ул.Народен Фронт 19а
1000 Скопје, Македонија
тел:02/32 36 400 факс: 02/32 36 444

www.ttk.com.mk
e-mail: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС:6121110ЕДБ:4030006597638
тр. с-ка:290-1000000000-46

| **3. Податоци за сопствените средства и адекватност на капиталот на Банката** | |
|---|---|
| **Износ на почетен капитал запишан во Централен регистар** | 907.888.000 ден. |
| **Број на акции** | 907.888 обични акции |
| **Номинален износ на акциите** | 1.000 ден. |
| **Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствени средства** | Сопствените средства претставуваат збир на основниот капитал и дополнителниот капитал намалени за одбитните ставки, утврдени во согласност со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот имајќи ги предвид ограничувањата дефинирани во Одлуката. Пред сè, ова се однесува на одредбата дека дополнителниот капитал не смее да биде поголем од износот на основниот капитал.<br><br>Дополнително, позициите кои се дел од основниот капитал ги исполнуваат следните услови во согласност со точка 11, став 2 од Одлуката:<br>– да се безусловно неповратни, немаат рок на достасување и не содржат клаузули или друг вид одредби коишто даваат можност за откупување, повлекување или исплата;<br>– исплатата на дивиденда се врши само по исплата на сите правни и договорни обврски на Банката и позициите не се оптоварени со задолжителна обврска за Банката за редовна исплата на дивиденда;<br>– да се во целост и веднаш на располагање за покривање на ризиците и загубите за време на работењето на Банката;<br>– да се во целост и неограничено расположливи за покривање на обврските на Банката кон нејзините доверители во случај на стечај, односно ликвидација на Банката.<br><br>Компоненти на основниот капитал на Банката се номиналната вредност на запишаните и уплатени обични акции, премијата од овие акции, резервите и задржаната нераспоредена добивка која не е оптоварена со идни обврски. Основниот капитал е намален за износот на нематеријалните средства.<br><br>Дополнителниот капитал се состои од ревалоризациските резерви на Банката.<br><br>Одбитните ставки од основниот и дополнителниот капитал се однесуваат на вложување во капиталот на финансиска институција. |
| **Износ и компоненти на основниот капитал, утврден во согласност со Одлуката за Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Основниот капитал на Банката изнесува 995.039 илјади денари и се состои од:<br>• Номинална вредност на обични акции: 907.888 илјади денари;<br>• Премија од овие акции: 127 илјади денари;<br>• Резервен фонд: 76.933 илјади денари;<br>• Нераспределена добивка: 14.123 илјади денари;<br>• Одбитни ставки: 4.032 илјади денари. |
| **Износ и компоненти на дополнителниот капитал, како и нивниот износ, кој во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Дополнителниот капитал се состои од:<br>Ревалоризациски резерви во износ од 38.969 илјади денари. |

| | |
|---|---|
| **може да биде дел од сопствените средства на Банката** | |
| **Видот на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал** | Вложувања во капиталот на други банки или финансиски институции коишто изнесуваат над 10% од капиталот на тие институции во износ од 38.990 илјади денари. |
| **Вкупен износ на сопствени средства и висина на адекватност на капиталот со состојба 31.12.2015** | Вкупен износ на сопствени средства: 995.018 илјади денари. Адекватност на капиталот: 18,71%. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, прикажан одделно за билансните и вонбилансните ставки** | Капитал потребен за покривање кредитен ризик изнесува: 320.555 илјади денари.<br><br>Капитал потребен за покривање кредитен ризик од билансни ставки: 297.521 илјади денари.<br><br>Капитал потребен за покривање кредитен ризик од вонбилансни ставки: 23.034 илјади денари. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Капиталот потребен за покривање на валутниот ризик изнесува 38.165 илјади денари. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на пазарниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, при што одделно се прикажува износот на капиталот потребен за покривање на генералниот и специфичниот ризик од вложувања во сопственички хартии од вредност и вложувања во должнички инструменти од портфолиото за тргување и износот на капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/испорака и ризикот од другата договорна страна:** | Нема. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цената на стоките** | Нема. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање за надминување на лимитите на изложеност** | Нема. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик** | Капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик изнесува 66.814 илјади денари. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање други ризици, доколку Банката по сопствена оцена утврдила дополнителен износ на капитал потребен за покривање на тие ризици или доколку Народната банка утврдила дополнителен износ на потребен капитал, заради природата, видот и обемот на** | Нема. |

| | |
|---|---|
| **активностите коишто ги извршува Банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности** | |

| **4. Податоци за процесот на управување со ризиците (податоците во овој дел се содржани во ревизорскиот извештај за 2015 година)** | |
|---|---|
| **Стратегии и процеси за управување со секој поединечен ризик** | Банката воспоставува интегриран систем за управување со сите материјални и нематеријални ризици на кои е изложена и кој е соодветен на природата, големината и сложеноста на финансиските активности коишто ги врши.<br>Врз основа на Стратегијата за преземање и управување со ризици, Банката воспоставува посебни политики и процедури за преземање и управување со сите ризици на кои е изложена во своето работење.<br><br>Политиките за преземање и управување со ризиците содржат:<br>– Оцена на капацитетот на Банката за преземање одделни ризици;<br>– Организациска поставеност на функцијата за управување со ризиците;<br>– Основни елементи на управувањето со ризиците;<br>– Прифатливи инструменти за заштита од или намалување на ризиците;<br>– Внатрешна контрола и основни елементи на процесот за утврдување на интерниот капитал на Банката;<br>– Оцена на потребната адекватност на капиталот на Банката.<br><br>Банката во своето работење е изложена и управува со следните видови ризици:<br>1. Кредитен ризик или ризик од загуба за Банката, поради неможноста нејзиниот клиент да ги измирува своите обврски кон неа во договорениот износ и/или во договорените рокови;<br>2. Ликвидносен ризик или ризик кој се јавува кога Банката не може да обезбеди доволно парични средства за намирување на своите краткорочни обврски во моментот на нивното достасување или да ги обезбеди потребните средства со многу повисоки трошоци;<br>3. Валутен ризик или ризик од загуба заради промена на меѓувалутните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути;<br>4. Пазарен ризик или ризик од загуба како последица на промена на цената на финансиските инструменти наменети за тргување;<br>5. Оперативен ризик или ризик од загуба, поради:<br>а) несоодветни или слаби внатрешни процеси,<br>б) несоодветни лица и несоодветни или слаби системи во Банката,<br>в) надворешни настани.<br><br>Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик, како и ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот, ризикот од несоодветност на информативните системи и други оперативни ризици;<br>Користењето услуги од надворешни лица го опфаќа |

| | |
|---|---|
| | користењето услуги коишто овозможуваат на Банката да ги врши нејзините финансиски активности, вклучувајќи ги и помошните банкарски услуги. Користењето на овие услуги може да ја изложи Банката на оперативен ризик;<br>6. Правен ризик кој претставува тековен или иден ризик врз добивката и сопствените средства на Банката, предизвикан од прекршувања/непочитувања на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички стандарди или како последица на погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и други правни документи;<br>7. Ризик од концентрација кој претставува секоја поединечна директна или индиректна изложеност или збир на изложености коишто може да предизвикаат значителни загуби;<br>8. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности претставува ризик од загуба којшто произлегува од неповолните промени на каматните стапки, а коишто влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности на Банката;<br>9. Ризик на земја или ризик од загуба поради изложеноста на Банката кон одделна земја, којшто може да произлезе од економските, социјалните и политичките услови во земјата во која се наоѓа седиштето на должникот. Посебна форма на ризик на земјата претставува ризикот од трансфер, којшто произлегува од можните ограничувања при трансферот на средствата од една земја во друга;<br>10. Репутациски ризик или ризик врз добивката или сопствените средства на Банката којшто произлегува од неповолните оцени за Банката од страна на клиентите, доверителите, акционерите, инвеститорите и супервизорите;<br>11. Стратегиски ризик или ризик врз добивката или сопствените средства на Банката којшто произлегува од промените во деловното опкружување, негативните деловни одлуки, несоодветното спроведување на одлуките или недоволната респонзивност на Банката на промените во деловното опкружување;<br>12. Ризик од неусогласеност на работењето на Банката со прописите или ризик од изложување на Банката на правни или регулаторни санкции и ризик од настанување финансиски загуби и загрозување на угледот на Банката, како последица на неусогласеноста на работењето на Банката со прописите (законски и подзаконски акти, правилници и стандарди кои се на сила во РМ, други пазарни узанси и кодекси, како и интерни акти на Банката). |
| **Структура и организација на функцијата за управување со ризици** | Банката воспоставува организациска структура, со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземањето и управувањето со ризиците, која одговара на големината, видот и сложеноста на Банката и на финансиските активности кои ги врши.<br><br>Управувањето со ризиците во Банката се остварува на сите хиерархиски нивоа во организациската структура. Имено, на стратегиско ниво управувањето е во надлежност на Надзорниот одбор на Банката кој ги донесува политиките за |

| | |
|---|---|
| | управување со ризиците и ги дефинира стратегиските определби и преференции на Банката за изложување на секој одделен тип ризик. Надзорниот одбор преку донесување на политиките ги дефинира генералните насоки и целите при управување со ризиците, прифатливото ниво на ризик, лимитите кои спречуваат ризик од концентрација, организациската поставеност во процесот на управување со ризиците, поделбата на надлежностите, прифатливите инструменти за намалување на ризикот, поставеноста на информативниот систем и системот за внатрешна контрола и ревизија.<br><br>Врз основа на донесените политики, Управниот одбор усвојува процедури и методологии за управување со ризиците на Банката во кои подетално се разработени процесите и активностите за управување со ризиците кои овозможуваат јасна поделба на надлежностите помеѓу организациските делови кои се носители и кои преземаат ризици и организациските делови кои се надлежни за управување со истите.<br><br>Одборот за управување со ризици редовно го следи и го оценува системот за управување со ризиците, ги разгледува извештаите за управување со одделните ризици, воспоставува лимити за изложеност на ризици и го следи нивното остварување, како и други активности во согласност со законските одредби кои се во доменот на стратегиско управување со ризиците.<br><br>Имплементацијата на политиките и процедурите се остварува на макрониво, преку централизирано управување со ризиците од страна на Дирекцијата за управување со ризици која работи во рамките на Секторот за стратешко банкарство и Одборот за управување со ризици, од една страна, како и на микрониво преку нивно почитување од страна на вработените во Секторот за комерцијално банкарство, односно лицата кои преку своите работни активности ја изложуваат Банката на ризик, од друга страна. |
| **Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно известување** | Банката во согласност со политиките за преземање и управување со ризиците воспоставува процедуриза преземање, мерење или оцена, следење, контрола или намалување на ризиците кои треба:<br>– Да овозможат навремено и сеопфатно идентификување на ризиците (мапирање на ризиците) со кои се соочува Банката;<br>– Да се засноваат врз квантитативни и/или квалитативни оцени за мерливите и немерливите ризици;<br>– Да вклучуваат правила, начини и постапки за намалување, диверзификација, трансфер и избегнување на ризиците, кои се идентификувани, мерени и оценети од страна на Банката;<br>– Да ги дефинираат фреквенцијата и методите за следење на ризиците.<br><br>Банката има воспоставено ефикасен информативен систем кој овозможува навремено и точно известување на органите на управување (Управниот одбор, Надзорниот одбор и Одборот за управување со ризици) за изложеноста на сите одделни ризици, како и за ризичниот профил на Банката. Овој систем |

| | |
|---|---|
| | подразбира почитување на дефинирана динамика за изработка и доставување интерни и законски извештаи и известувања, кои овозможуваат навремено информирање за движењето на сите ризици, како и преземање соодветни корективни активности доколку тоа е потребно. |
| **Политики и процедури за управување со ризици** | Интерни акти на Банката со кои се регулира управувањето со одделните ризици на кои е изложена:<br>– Стратегија за управување со ризици;<br>– Стратегија за справување со напади во дигиталниот простор;<br>– Политика за управување со кредитен ризик;<br>– Кредитна политика;<br>– Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности;<br>– Политика за управување со валутен ризик;<br>– Политика за управување со пазарен ризик;<br>– Политика за управување со ликвидносен ризик;<br>– Политика за управување со стратегиски ризик;<br>– Политика за управување со репутациски ризик;<br>– Политиката за управување со оперативен ризик;<br>– Политика за идентификување и следење поврзани лица и лица поврзани со Банката;<br>– Политика за идентификување и спречување судир на интереси;<br>– Политика за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите;<br>– Програма за контрола и следење на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;<br>– Програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;<br>– Политика за управување со правен ризик;<br>– Политика за сигурност на информативниот систем на Банката;<br>– Процедура за работа на Дирекцијата за управување со ризици;<br>– Процедура за спроведување на процесот за утврдување на интерниот капитал на Банката;<br>– Процедура за вршење стрес-тестирање;<br>– Процедура за управување со репутациски ризик;<br>– Процедура за управување со стратегиски ризик;<br>– Процедура за управување со оперативен ризик<br>– Процедура за идентификување и следење на лицата поврзани со Банката;<br>– Процедура за работа на Одделот за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам;<br>– Процедура за постапување по поплаки на корисници;<br>– Процедура за начинот на доставување на податоци до Кредитен регистар на НБРМ;<br>– Методологија за класификација на изложеноста на кредитен ризик и пресметка на исправка на вредност/посебна резерва;<br>– Методологија за утврдување на веројатноста и зачестеноста на промената на каматните стапки;<br>– Методологија за утврдување на очекувана рочна структура на активата и пасивата;<br>– Методологија за избор, следење и оценка на користени |

| | |
|---|---|
| | услуги од надворешни лица. |

| 4.1. Податоци во однос на управувањето со кредитниот ризик | |
|---|---|
| **Опис на политиката за вршење исправка на вредноста и за издвојување посебна резерва** | Банката врши класификација на изложеноста на кредитен ризик и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва на поединечна и на групна основа. Класификација и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва на групна основа се врши за побарувањата од физички лица кои припаѓаат во портфолијата на кредити (портфолио од дозволени пречекорувања на трансакциски сметки и портфолио на кредитни картички).<br><br>Стапката на очекувана загуба за побарувањата кои се дел од портфолијата на кредити се пресметува за секое портфолио одделно, и тоа како производ на веројатноста за ненаплата и стапката на загуба поради ненаплата. Веројатноста за ненаплата претставува веројатност изложеностите од портфолиото на кредити да добијат нефункционален статус во период од дванаесет месеци и се утврдува како повеќегодишен просек на годишни стапки на ненаплата. Банката пресметува стапка на загуба поради ненаплата за секое портфолио одделно, во согласност со одредбите дефинирани во Одлуката за управување со кредитниот ризик.<br><br>За побарувањата кои не се дел од портфолиото на кредити, се врши класификација и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва (на поединечна основа) преку утврдување сегашна вредност на идните парични текови кои ќе настанат врз основа на тие побарувања.<br><br>Износот на исправката на вредност за активните билансни побарувања на поединечна основа се утврдува како разлика помеѓу сметководствената вредност на билансните побарувања и сегашната вредност на идните очекувани парични текови врз основа на тие побарувања. Сегашната вредност на активните билансни побарувања се добива со дисконтирање на очекуваните идни парични текови по тие побарувања со употреба на ефективна каматна стапка утврдена врз основа на договорот.<br><br>Банката врши исправка на вредноста, односно издвојува посебна резерва, во рамките на следните граници:<br>– Од 0% до 5% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „А";<br>– Над 5% до 20% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „Б";<br>– Над 20% до 45% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „В";<br>– Над 45% до 70% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „Г";<br>– Над 70% до 100% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „Д". |
| **Износ на изложеноста на кредитен ризик, пред и по извршената исправка на вредноста, односно по** | • 6.666.596 илјади денари пред исправка на вредност/посебна резерва;<br>• 6.121.850 илјади денари по исправка на вредност/ посебна резерва. |

| | |
|---|---|
| **издвоената посебна резерва** | |
| **Просечна изложеност на кредитен ризик за периодот за кој се објавува и изложеноста по одделни категории на ризик** | Изложеност на кредитен ризик по категории на ризик:<br>• А – 5.849.868 илјади денари (87.75%);<br>• Б – 216.458 илјади денари (3.25%);<br>• В – 110.541 илјади денари (1.66%);<br>• Г – 16.258 илјади денари (0.24%);<br>• Д – 473.470 илјади денари (7.10%).<br>(во согласност со белешка 2.1.А од ревизорскиот извештај за 2015 година) |
| **Износ на достасаните кредити** | • 16.296 илјади денари достасани редовни кредити. |
| **Износ на изложеностите на кредитен ризик за кои е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва** | • 4.593.506 илјади денари пред исправка на вредност/ посебна резерва;<br>• 4.048.760 илјади денари по исправка на вредност/ посебна резерва. |
| **Географска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик – Република Македонија, земјите-членки на ЕУ, ите земји во Европа, земјите-членки на ОЕЦД (со исклучок на земјите од Европа), и земји** | • Република Македонија – 96,33%;<br>• Земји-членки на ЕУ – 3,18%;<br>• Европа (останато) – нема;<br>• Земји-членки на ОЕЦД (без европските земји-членки на ОЕЦД) – 0,48%. |
| **Секторска дистрибуција на изложеност на кредитен ризик – изложеност кон** | • Банки - 1.110.269 илјади денари;<br>• Други финансиски институции - 52.451 илјади денари;<br>• Држава –1.028.039;<br>• Нефинансиски институции – 2.253.265 илјади денари;<br>• Физички лица и трговци поединци - 1.673.552 илјади денари;<br>• Непрофитни институции - 4.279 илјади денари;<br>• Нерезиденти - нема. |
| **Резидуална договорна рочна структура на изложеноста на кредитен ризик (со рок на достасување до една година и над една година)** | • до една година - 2.952.531 илјади денари;<br>• над една година - 3.169.319 илјади денари. |
| **Структура на изложеноста на кредитен ризик по дејности** | • Земјоделство, шумарство и рибарство 1,24%;<br>• Рударство и вадење камен 0,01%;<br>• Прехранбена индустрија 0,60%;<br>• Текстилна индустрија и производство на облека и обувки 1,26%;<br>• Хемиска индустрија, производство на градежни материјали, производство и преработка на горива 2,37%;<br>• Производство на метали, машини, алати и опрема 0,96%;<br>• Останата преработувачка индустрија 3,83%;<br>• Снабдување со елек. енергија, гас, пареа и климатизација 0,07%;<br>• Снабдување со вода и отстр. со отпадни води, управување со отпад и дејност за санација на околината 0,01%;<br>• Градежништво 6,48%;<br>• Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли 10,33%;<br>• Транспорт и складирање 4,50%;<br>• Објекти за сместување и сервисни дејности со храна 2,01%; |

| | |
|---|---|
| | • Информации и комуникации 0,03%;<br>• Финансиски дејности и дејности на осигурување 18,99%;<br>• Дејности во врска со недвижен имот 0,45%;<br>• Стручни, научни и технички дејности 0,30%;<br>• Административни и помошни услужни дејности 0,35%;<br>• Јавна управа и одбрана;задолжително социјално осигурување 16,79%;<br>• Образование 0,20%;<br>• Дејности на здравствена и социјална заштита 1,13%;<br>• Уметност, забава и рекреација 0,35%;<br>• Други услужни дејности 0,40%;<br>• Дејност на домаќинства како работодавци 0,00%;<br>• Дејност на екстериторијални организации и тела 0,00%;<br>• Физички лица 26,81%;<br>• Трговци поединци и физички лица кои не се сметаат за трговци 0,53%.<br><br>За најголемата изложеност кон одделна дејност податоци за:<br><br>а) Износот на достасаните кредити:<br>• Финансиски дејности и дејности на осигурување - 900 илјади денари;<br>б) Износот на изложеноста за која е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва:<br>• Финансиски дејности и дејности на осигурување - 455.304 илјади денари;<br>в) Износот на извршена исправка на вредноста, односно издвоената посебна резерва за идентификуваните кредитни загуби од изложеноста кон дејноста:<br>• Финансиски дејности и дејности на осигурување - 3.993 илјади денари. |
| **Износот на преструктурираните побарувања, во согласност со Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките** | • 94.505 илјади денари пред издвоена посебна резерва;<br>• 68.680 илјади денари по издвоена посебна резерва. |
| **Движењето на исправката на вредност, односно издвоената посебна резерва во текот на извештајниот период** | • Состојба на почетокот на периодот 31.12.2014 - 625.385 илјади денари;<br>• Дополнителна исправка на вредност - 135.083 илјади денари;<br>• Ослободена исправка на вредност/посебна резерва - 105.962 илјади денари;<br>• Отписи во текот на периодот за кој се објавува - 71.915 илјади денари;<br>• Состојба на крајот на периодот 31.12.2015 - 544.746 илјади денари. |

| **4.2. Податоци за структурата на портфолиото за тргување** | |
|---|---|
| **Структура на портфолиото за тргување по одделни видови финансиски инструменти со состојба 31.12.2015 година** | Од аспект на структурата, портфолиото за тргување го сочинуваат сопственички инструменти за тргување. |
| **Политиките кои ги применува Банката за** | Политика за управување со пазарен ризик. |

| | |
|---|---|
| **распоредување на одредена позиција во портфолиото за тргување или во портфолиото на банкарски активности** | |

| **4.3. Податоци во однос на управувањето со оперативниот ризик** | |
|---|---|
| **Податоци за пристапот за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик** | Банката пресметува капитал потребен за покривање оперативен ризик со примена на пристапот на базичен индикатор. |

| **4.4. Податоци за капиталните вложувања на Банката** | |
|---|---|
| **Краток опис на стратегијата на Банката за стекнување капитални делови на други правни лица** | Нема. |
| **Краток опис на политиката на Банката за сметководствено вреднување на капиталните вложувања** | Во согласност со Сметководствените политики, Банката капиталните вложувања ги класифицира во група на Хартии од вредност расположливи за продажба. Генерално финансиските средства расположливи за продажба последователно се мерат по објективна вредност и, во согласност со ИФРС стандардите, промените се евидентираат во капиталот. Доколку вредноста не може соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност. |
| **Износ на капиталните вложувања и нивната класификација според видот, т.е. според тоа дали се работи за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои постои активен пазар или за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои не постои активен пазар:** | • 109.502.595 денари;<br>• Вложувања во сопственички хартии од вредност. |
| **Секторска структура на капиталните вложувања (капитални вложувања во банки, други финансиски институции, нефинансиски институции, нерезиденти)** | Нефинансиски правни лица, банки, други финансиски институции. |
| **Кумулативен износ на реализирани добивки / (загуби) кои произлегуваат од отуѓувањето на вложувањата во текот на периодот за кој се објавува** | Нема. |
| **Вкупен износ на нереализирани добивки (загуби) од капиталните вложувања** | Нема. |

ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА НА ТТК БАНКА АД Скопје



**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 15809 Скопје, 30 април 2013 година

Врз основа на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Точката 6 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, бр. 02-14/81-2006 од 5 јуни 2006 година, се менува и гласи:

„Банката може да ги врши следниве активности:
- прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари;
- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари;
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;
- чување на хартии од вредност за клиенти;
- советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
- продажба на полиси за осигурување;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и
- економско-финансиски консалтинг".

2. Со донесувањето на ова решение, ставот 2 од точката 2 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7915 од 9

декември 2008 година и точките 3 и 4 од Решението на гувернерот бр. 5042 од 27 јули 2010 година престануваат да важат.

Образложение

Со член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13) се извршија измени во член 7 став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09 и 67/10), односно во делот на активностите коишто може да ги врши банка. Со измените се менуваат називите на некои од досегашните финансиски активности и се додаваат нови активности.

Согласно со член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките, Народната банка по службена должност, без поднесување барање од банките, ќе ги усогласи дозволите за основање и работење на банките во делот што се однесува на финансиските активности, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во точка 6 од Решението со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, бр. 02-14/81-2006 од 5 јуни 2006 година, се наведени финансиските активности коишто може да ги врши Банката. Во 2007 година, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 4/4944 од 9 август 2007 година на Банката ѝ е издадена согласност да врши услуги брз трансфер на пари. Со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7915 од 9 декември 2008 година е изменета точката 6 од Решението со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, односно направено е усогласување на финансиските активности коишто може да ги врши Банката согласно со Законот за банките. Дополнително, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 5042 од 27 јули 2010 година, во финансиските активности коишто може да ги врши Банката е додадена и активноста „купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност".

Имајќи го предвид наведеното, како и најновите законски измени во делот на финансиските активности и обврската за усогласување на дозволите за основање и работење на банките во делот на финансиските активности, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Гувернер
Димитар Богов